Врз основа на член 19 алинеа 5 и член 22 од Законот за електронските комуникации (Сл.весник на Република Македонија бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, и сл.весник на Република Северна Македонија бр.98/2019, 153/2019, 92/2021; 222/2024 и 59/2025) и член 18 од Статутот на АЕК, а во согласност со Одлуката за спроведување на јавен оглас за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации број 1102-52/3 од 02.12.2025 година донесена од Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, Агенцијата за електронски комуникации објавува

# Ј А В Е Н  О Г Л А С

## за именување на директор на Агенцијата за електронски комуникации

I

Условите што треба да ги исполнува кандидатот за да може да биде именуван за директор на Агенцијата се следните:

- да биде државјанин на Република Македонија;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- една година пред денот на објавувањето на јавниот конкурс да не е вработен кај оператор;
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на електротехничките науки, информатиката, правото или економијата;
- да има најмалку 5 (пет) години соодветно работно искуство во областа на електронските комуникации;
- да поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
    - ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,
    - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
    - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
    - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
    - БУЛАТС (BULATS ) - најмалку 60 бода или
    - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2), и
- поседува сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

II

Потребни документи кои се доставуваат со пријавата по јавниот оглас се:

- Потврда за државјанство издадена од надлежен орган;
- Потврда од надлежен орган за неизречена мерка – забрана за вршење на професија, дејност или должност (не постара од 6 месеци);
- Диплома од високо образовна институција или Уверение за положени испити и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образованиеод областа на електротехничките науки, информатиката, правото или економијата;
- Кратка биографија (CV) во која е објаснето соодветното предходно работно искуство во областа на електронските комуникации и предходните вработувања со потврди од работодавачот;
- Меѓународно признат сертификат или уверение за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
    - ТОЕФЕЛ ИБТ- најмалку 74 бода,
    - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
    - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
    - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
    - БУЛАТС (BULATS ) - најмалку 60 бода, или
    - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) ниво.
- сертификат за познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

III

1) Рокот за доставување на пријавите со потребните документи е 15 дена од денот на објавување.
2) Со пријавените кандидати кои имаат доставено навремена и комплетна документација и ги исполнуваат условите, ќе биде извршено интервју, во рок кој што не може да биде подолг од седум работни дена од последниот ден на рокот определен за доставување на пријави во предходниот став.

IV

Јавниот оглас се објавува на веб страницата на Агенцијата и во најмалку три дневни весника од кои еден од весниците што се издаваат е на македонски јазик и еден од весниците што се издаваат на јазик што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

V

Кандидатите се должни пријавата со потребната документација во оригинал или нотарски заверени копии, да ја достават по пошта или лично во архивата на Агенцијата за електронски комуникации на следната адреса:

**Агенција за електронски комуникации**

**Кеј Димитар Влахов број 21, 1000 Скопје, Република Македонија**

**Со назнака: за јавен оглас број 1102-52/4**

Претседател на Комисијата на
Агенцијата за електронски комуникации

Проф. д-р Орце Симов

Наш број 1102-52/4
Скопје 02.12.2025 год.